Отворено писмо

До: **Собрание на Република Македонија**

Скопје, 21 април 2006 година

Почитувани пратеници,

Со усвојувањето на амандманите за измена на Уставот на Република Македонија во 2005 година и измените и дополнувањата на Законот за кривичната постапка од 2004 година се создадени услови за поефикасна борба против облиците на организиран криминал. Тоа претпоставува донесување на повеќе релевантни закони што, воедно, е и обврска на Република Македонија што произлегува од потпишаните и ратификуваните меѓународни конвенции и други инструменти за борба против криминалот.

Од особено значење се измените на Законот за кривичната постапка од 2004 година со кои се воведуваат специјалните истражни мерки и се поставува основата за нивно поминуциозно регулирање со посебен закон кој уште не е донесен.

Имајќи го предвид фактот дека според светските искуства околу 80% од случаите на организиран криминал се детектираат со помош на технички средства и примена на специјалните истражни мерки, недонесувањето на потребната легислатива го слабее фронтот на борбата против организираниот криминал.

Од друга страна постојат индиции дека сѐ уште се применува неовластеното прислушкување што е резултат на непоставеноста на браната меѓу легалното и нелегалното користење на ваквите техники.

Оттука, ја потенцираме неопходноста за итно донесување на Законот за специјалните истражни мерки и Законот за следење на комуникациите и апелираме Собранието тоа да го направи во најкус можен рок. Државата по ова прашање повеќепати е прозвана и од страна на

меѓународната заедница, а ваквото однесување на Собранието на Република Македонија само по себе изразува став на толеранција во однос на организраниот криминал.

Укажуваме и на тоа дека донесувањето на вака важни закони не смее да бидат предмет на политички договарања.

Со почит,

За експертска група при проектот на ФИООМ
"Борба против организираниот криминал"
Раководител,

проф. д-р Владо Камбовски

За Фондација Институт отворено општество - Македонија
Извршен директор,

Владимир Милчин